ЗАПИСНИК

од 71-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 09.07.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На седницата беше присутна Николина Лозановска - советник.

*Советничката Сузана Јовановска со мало задоцнување, се приклучи во работењето на седницата на Советот кога се разгледуваше точка бр. 3.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 70-та седница на Советот на Општина Новаци;
2. Разгледување на процена за потребата од воспоставување на Меѓуопштинска соработка со Општина Ресен;
3. Разгледување на Предлог за воспоставување на Меѓуопштинска соработка со Општина Ресен и донесување на Одлука;
4. Разгледување на Понуда за соработка и Барање за финансиски средства од НУ Центар за култура, Битола за реализација на „Илинденски караван“ во состав на фестивалот „Илинденски денови“ Битола;
5. Разгледување на Барање за финансиски средства од ЗФК „Далбеговци“ за натпреварување во натпреварувачката сезона 2025/ 2026 год.;
6. Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства во период од 01.01.2025 до 31.05.2025 год. од „ЗФК Новаци 2005“;
7. Разгледување на Финансиска програма за 2025 год. (есенски дел) од ЗФК „Новаци 2005“, Новаци;
8. Разгледување на Финансиска програма за 2025 год. (есенски дел) од ЗФК „Новаци 2005“, Новаци (младинска школа).
9. Советнички прашања

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Томе Ѓоргиевски од с. Гнеотино, лице со посебни потреби;
2. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Соња Јовановска, с.Новаци, за нејзиниот син, лице со посебни потреби;
3. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Трајанка Стевановска од с. Далбеговци, лице создравствени проблеми;
4. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Владо Бошевски од с. Далбеговци,домаќинство во социјален ризик;
5. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Благојче Трајковски од с. Рапеш,еднородителско семејство;

Пред да се разгледа дневниот ред на 71-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот, Најдовска Стојковска, зеде збор и пред Советот на Општина Новаци предложи, дневниот ред да се измени така што нема да се разгледуваат точките бр. 6, 7 и 8 поради потреба од дополнителни информации за истите, но истовремено дневниот ред да се дополни со 1 (една) точка, која треба неодложно да се разгледа на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за проект: Основен проект за систем за наводнување „Новаци“

Советниците го разгледаа Дневниот ред со предложената измената и дополнување, така што со **8 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 71-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 12 (дванаесет) точки, со тоа што точката бр. 9 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 12.

1. **точка** Разгледување и усвојување на Записник од 70-та седница на Советот на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 70-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **8 гласа за.**

2. **точка** Разгледување на процена за потребата од воспоставување на Меѓуопштинска соработка со Општина Ресен

По однос на оваа точка, Советот ја разгледа Проценатa за потреба од воспоставување на МОС помеѓу Општина Новаци и Општина Ресен, доставена од Градоначалникот Стевановски, со цел да се види оправданоста од воспоставување на истата. Имено Општина Новаци има потреба од ангажирање на вработен во Општина Ресен, кој ќе врши работи и работни задачи со овластување за вршење на работи од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на РМ, се додека Општина Новаци не овласти лице од редот на вработените во општинската администрација.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** даде позитивно мислење за проценатa за потребата од воспоставување на Меѓуопштинска соработка со Општина Ресен.

3. **точка** Разгледување на Предлог за воспоставување на Меѓуопштинска соработка со Општина Ресен и донесување на Одлука

Советот го разгледа Предлогот за воспоставување на МОС со Општина Ресен во областа на располагањето со градежно земнјиште во сопственост на РМ, т.е од потребата за ангажирање на вработен во Општина Ресен, кое ќе води постапки за отуѓување на градежно земјиште за потребите на Општина Новаци.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Ресен.

4. **точка** Разгледување на Понуда за соработка и Барање за финансиски средства од НУ Центар за култура, Битола за реализација на „Илинденски караван“ во состав на фестивалот „Илинденски денови“ Битола

Советот ја разгледа понудата за соработка на што НУ Центар за култура, Битола ја достави до Советот на Општина Новаци, а во врска со републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ кој се организира по 55-ти пат. Како придружни активности на фестивалот е т.н. „Фестивалски караван“ што се состои во гостување на два интернационални ансамбли во Општина Новаци. За реализација на истото се потребни финасиски средства во износ од 50.000,00 кои фестивалот не е во можност да ги обезбеди без финансиска помош од Општина Новаци.

По дискусијата, советниците гласаа, така што со **6 гласа за и 3 гласа воздржани** донесоа Одлука за доделување на финансиски средства на НУ Центар за култура – Битола

5. **точка** Разгледување на Барање за финансиски средства од ЗФК „Далбеговци“ за натпреварување во натпреварувачката сезона 2025/ 2026 год.

По однос на петтата точка, Советниците го разгледаа најнапред Извештајот за потрошени финансиски средства добиени од Советот на Општина Новаци за натпреварувачката 2024/25 год. и за истиот дадоа позитивно мислење. Потоа го разгледаа барањето со кое ЗФК „Далбеговци“ бара 140.000,00 ден. финасиски средства, потребни за учество во „А“ лига, во натпреварувачката 2025/26 сезона.

Советниците со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на финансиски средства на ЗФК „Далбеговци 2023“ с. Далбеговци, Новаци ви износ од 140.000,00 ден.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

6. **точка** Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Томе Ѓоргиевски од с. Гнеотино, лице со посебни потреби

Советот го разгледа барањето од Томе Ѓоргиевски од с. Гнеотино, лице со посебни потреби и со **9 гласа за** го прифати предлогот од Комисијата за доделување на еднократна парична помош. Така што донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Томе Ѓорѓиевски од с. Гнеотино во износ од 20.000,00 ден.

7. **точка** Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Соња Јовановска, с.Новаци, за нејзиниот син, лице со посебни потреби

Советниците го разгледаа Барањето и **едногласно** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Соња Јовановска од с. Новаци за нејзиниот син, кој е лице со посебни потреби во износ од 20.000,00 ден.

8. **точка** Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Трајанка Стевановска од с. Далбеговци, лице со здравствени проблеми

Советот го разгледа барањето од Трајанка Стевановска од с. Далбеговци, старо лице со сериозни здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** го прифати предлогот од Комисијата за доделување на еднократна парична помош и донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци во износ од 10.000,00 ден.

9. **точка** Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Владо Бошевски од с. Далбеговци, домаќинство во социјален ризик

Владо Бошевски е лице кое само живее и е корисник на гарантирана социјална помош што не ги задоволува основните животни потреби, така што Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Владо Бошевски од с. Далбеговци во износ од 20.000,00 ден.

10. точка Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Благојче Трајковски од с. Рапеш, еднородителско семејство

Благојче Трајковски од с. Рапеш, е самохран родител на две малолетни деца кој има потреба од финасиска помош. Советниците го разгледаа барањето и со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Благојче Трајковски од с. Рапеш во износ од 20.000,00 ден.

11. точка Разгледување и донесување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за проект: Основен проект за систем за наводнување „Новаци“

Советницидe добија информација дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ, треба да се ослободи од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за проект: Основен проект за систем за наводнување ,,Новаци“ како објект од јавен интерес, кој согласно Законот е ослободен од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за проект: Основен проект за систем за наводнување ,,Новаци“.

12. точка Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни прашања со што 71-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска